**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број:09-39
28.05.2024 година

## ООУ„Братство-Единство“с.Средно Коњаре- општина Петровец

| | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 08-10.11.2023 |
| **Број на извештај:** | 24 скопски 2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Љубиша Николиќ |
| **Вид на училиштето:** | Основно |
| **Подрачни училишта** | 4 Подрачни Училишта во:<br>с.Сушица; с.Горно Коњаре; с.Чифлик и с.Долно Коњаре |
| **Основач на училиштето:** | општина Петровец |
| **Наставен јазик:** | Албански и Македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 382 |
| **Полова структура на ученици:** | 199 машки и 183 женски |
| **Број на наставници:** | 38 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Емини Рабит |
| **Директор на училиштето:** | Сали Бузаку |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 11, 12 и 13. 04.2018 |
| **Адреса на училиштето:** | С.Средно Коњаре општина Петровец |
| **Телефон:** | 02 567 445 |
| **Факс:** | 02 567 445 |
| **e-mail:** | ou-bratstvoiedinstvo-srednokonjari-petrovec@schools.mk |
| **оценка од интегрална евалуација** | Доволен 2,38 |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015 и 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција, од 08 до 10 ноември 2023 година, тим од троица државни просветни инспектори спроведоа Интегрална Евалуација во работата на ООУ„Братство Единство“ село Средно Коњаре општина Петровец.

Подготвителната фаза од интегралната евалуација се спроведени постапки за анкетирање на структурите на училиштето, (дел од учениците наставниците, стручните соработници, директорот на училиштето и родителите) по пропишана методологиа.за вршење на Интергрална Евалвација во ООУ„Братство Единство“ село Средно Коњаре општина Петровец.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Братство Единство“ село Средно Коњаре, општина Петровец се оценува со **Доволен 2,38**

Во училиштето се применуваат наставни планови и програми кои се во согласност со донесените програмски документи од Министерство за овразование и наука. Реализацијата е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од концепциите за основно образование. Содржините во поголемиот број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми. Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели, во најголем број наставни програми што се реализираат, а наставниците ги почитуваат тие насоки. Училиштето ги информира родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Постои транспарентна процедура со која се дава можност учениците самостојно да вршат избор од три понудени изборни предмети според нивните интересии и потреби.

Слободните ученички активности во училиштето делумно ги задоволуваат потребите и интересите на учениците. Учениците делумно се вклучени во воннаставните активности. Преку учество и активности во организирани секции се изведуваат различни слободни ученички активности од областа на природните науки, техниката, уметноста, културата и спортот.

Училиштето има формирано училишен спортски клуб регистриран во Централниот Регистер со Дан.бр.4069016501799 и ЕНБС:7159307 од 18.10. 2016 година и решение од агенција за млади и спорт бр.08-1910/3 од 01.12.2016.

Според извршените споредбени анализи за изминатите три учебни години од последната интегрaна евалуација, средниот успех по учебни години е следен: во учебната 2020/21 година средниот успех е 3,98; 2021/22 е 4.01 и 2022/23 е 3.98.

Училиштето има формирано инклузивен тим од седум члена. Одлука бр.02-307/1 од 23.09.2022 година и донесена Програма за работа за деца со посебни потреби. Во училиштето има двајца ученици со посебни образовни потреби(со наод и мислење) и осум ученици со потешкотии во учење. Идентификацијата ја прават наставниците во соработка со педагогот и психологот на училиштето. Во работата со учениците со посебни потреби ангажирани се двајца образовни асистенти.

За учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на материјалот, наставниците организираат дополнителна настава, а со надарените ученици имаат програма за реализација на додатна настава.

Редовно но со тешкотии се планира и реализира дополнителната и додатната настава. Редовноста на учениците се следи, но анализа за причините и подобрување на отсуството, не е направена.

Во училиштето, има интерни приоди за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручната служба. Наставниците планираат редовната, додатната и дополнителната настава.

Наставниците планират наставни планови и програми по кембриџ програмата од 7,8 и 9 одделение а од прво до шесто одделение се работи по новата концепција за основно образование.

Поголемиот дел од наставниците планираат и воннаставни активности. Голем дел од наставниците изработуваат дневно оперативни планови за час во кои најчесто планираат соодветни неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Дневните планирања се усогласени со тематските планирања. Во планирањата на наставниците има изработено критериуми за оценување и употреба на ИКТ во настава.

Наставниот процес во училиштето го реализираат најголем дел наставници со соодветно образование освен по одредени предмети. Поголем дел од наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи, но употреба на ИКТ во наставата е ретка особено во предметна настава. Во ООУ„Братство Единство“ село Средно Коњаре, ПОУ„Братство Единство“ село Долно Коњаре и во ПОУ„Братство Единство“ село Чивлиk се учи изборно предметот Босански јазик за учениците од Босанската заедница.

Постои интеракција меѓу наставник-ученик, но помалку е застапена интеракција ученик-ученик. Голем дел од наставниците во одделенска настава, користат различни ресурси и приоди за учење и настава за разлика од предметните наставници кои најчесто користат само учебници и дополнителна прирачна литература. Наставниците користат различни наставни форми и методи, но кај голем дел од наставниците истите секогаш не соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење.

Училиштето нема интерна процедура за следење на наставниот процес која се практикува за унапредување и осовременување на наставниот процес.

Во училиштето се врши континуирано следење и оценување на учениците со примена на различни методи, начини и форми за оценување. Критериумот за оценување на постигањата на учениците е според стандардите за оценување со кои се запознаени учениците. Училиштето спроведува активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца.

Во однос со новата концепција и програмата Кембриџ најголем дел од наставниците се жалат од нивната примена поради несоодветни планирања, немање материјални услови и недоволно обучување на наставниците од страна на БРО како и нивната примена во образовниот процес.

Инфраструктурата во училиштето е безбедна. Се води грижа за здравјето на учениците. Има многу мал број хигиеничари за одржување на хигиената. Во училиштето хигиената е добра.

Програмата за професионална ориентација на учениците се реализира од стручната служба и наставниците кои се грижат за давање помош при изборот на институцијата за понатамошно образование. Во училиштето недостасува училишен дефектолог.

Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето и се грижат за неговиот углед. Училиштето има формирано училишна заедница избрана на демоктатски начин и која функционира според изготвен План за работа на училишнат заедница. Учениците се навремено информирани но повремено учествуваат при решавање на проблеми и партиципираат во донесување на одлуки што се од нивен интерес.

Училиштето се афирмира преку промовирање на личните постигања на учениците во училиштето на манифестации каде учествуваат родителите и пошироката заедница.

Просторот за одвивање на воспитно-образованата работа задоволува. Визуелниот материјал и пишаните содржини од ученичките трудови го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактер на Република Македонија.

Нема во доволен број наставно-нагледни средства, но постоечките редовно се користат.

Училиштето повремено ги утврдува потребите за наставни сретства и помагала но обновувањето зависи од расположливите сретства. Училиштето нема посебна училишна

библиотека, поради немање доволно книги и не ги задоволува потребите на учениците и наставниците**.**

Училиштето има стручна служба, составена од педагог психолог и социолог кои им даваат подршка на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање на соодветна помош на учениците од секаков вид.

Програма за професионален развој на наставниците училиштето е според потребите на наставниците за стекнување на знаења од одредени области за подобрување на наставниот процес и активностите во училиштето но се реализираат само кога се повикани на семинари и обуки од БРО.

Финансиското работење на училиштето е контролирано од Училишниот одбор а скромните средствата со кои располага се трошат наменски.

Работата на Училишниот Одбор е во рамките на пропишаните надлежности дефинирани со постојната законска регулатива и Деловникот за работа. Членовите се запознаени со состојбите во училиштето, со програмските документи и со управувањето со финансиите во училиштето.Транспарентна е застапена за заинтересираните структури во училиштето. Училишниот Одбор има соработка со директорот на училиштето. Фокусот на работењето на директорот е подобрување на услови за работа, продолжување на проектите и аплицирање во нови и подобрување на професионален развој на наставниците.

Работата на Директорот е испланирана во годишната програма за работа каде се опфатени тековни активности**.** Директор на училиштето е Сали Бузаку професор по Албански јазик и книжевност Уверение бр.09-7526 издадена од 01.12.2006 година од Филолошкиот Факултет „Блаже Коневски“ на Универзитетот св.Кирил и Методиј“, со положен испит за директор со стекнат сертификат . Директорот е именуван со Решение од страна на Градоначалникот на општина Петровец бр.08-231/1 од 01.02.2021 година.

Училиштето е активно во однос на реализација на еко проектот. Има интегрирање на еколошки содржини од еколошката програма во сите предмети и во одредени теми. Еколошката програма во училиштето се реализира со планирана динамика раководена од Еко менаџментот. Сите ученици се вклучени во активностите во еколошкиот проект и ги знаат еко-стандардите.

Проектот МИО се реализира преку заеднички манифестации со ООУ„Вера Јоциќ” општина Гази Баба- партнер училиште, каде наставата се реализира на македонски наставен јазик. Училиштето ги подобрува политиките за меѓуетничка интеграција преку реализација на активности планирани во програма Меѓуетничка Интеграција во Образованието..

Училиштето работи според Годишната програма за учебната 2023/24 година бр.02-242/1од 22.08.2023 година. Која е усвоена од училишен одбор и Советот на општина Петровец бр.07-1791/10 од 24.08.2023.

Училиштето има направено самоевалуација за периодот 2021-23 година одлука на усвојување бр.02-242/1 од 22.08.2023 година од училишниот одбор. Самоевалуацијата содржи добри и слаби страни и препораки. За учебнната 2023I 2025 година директорот на училиштето донел решение за формирање нов тим за самоевалвација бр.02-359/1 од 20.10.2023 година.

Училиштето има донесено Програма за развој бр.02-201/2 од 15.06.2021 година, за период 2021-2024 година усвоена од училишниот одбор.

## Карактеристики на училиштето

ООУ„Братство Единство“ село Средно Коњаре, општина Петровец е лоцирано во центарот на с.Средно Коњаре, каде што живеат Албанци, Македонци и од Босанското население со различен социјален и економски статус.

Училиштето е основано 12.08.1968 година со акт број.114-од Собрание на општина Кале под името ОУ„Братство Единство“,с.Средно Коњаре. Носител на основачките права на училиштето е општината Петровец.

Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение од општинскиу комитет за општествени дејности на Собрание на Општина Гази Баба бр.1202/1-1- од 26.02.1986 година.

Во состав на училиштето се следните училишни објекти:Централното училиште с.Средно Коњаре, и Подрачните училишта: с.Долно Коњаре, с.Чифлиk, с.Горно Коњаре и с.Сушица. Сите објекти се во од тврда градба и во добра состојба,.

Во Централниот Регистар на РМ е запишано со Решение на ден 10.05.2017 година со Деловоден бр.30120170015275, со даночен број 4030968154894, Матичен број:4066995 и со Жиро сметка: 753010417090310.

Во воспитно образовниот процес се опфатени 382 ученици, од кои 199 машки и 183 женски, распоредени во 26 паралелки од кои на настава на македонски наставен јазик вкупно се 17 паралелки и на албански наставен јазик вкупно се 9 паралелки. Оделенската настава на македонски наставен јазик се изведува со комбинирана паралелка. Во подрачното училиште во с.Чивлиk има две комбинирани паралелки, ПУс.Долно Коњаре вкупно има 2 конбинирани паралелки и една чиста паралелка. Во ПУ Горно Коњаре и ПУ.с.Сушица вкупно има една комбинирана паралелка**.**

Воспитно-образовниот процес се изведува на македонски и албански наставен јазик .

Во училиштето за учениците од прво оделение се обезбедува прифаќање на учениците еден час пред почетокот на наставата и еден час за испраќање на учениците.

Статутот на училиштето бр.01-397од 11.11.2021 година е со добиена Согласност за измените на Статутот од страна на МОН. Статут е усогласен со Законот за основно образование .

Централната училишна зграда с.Средно Коњаре располага со 10 училници, 1 кабинет по природни науки, има нова фискултурна сала, нема библиотека, од административни простории има просторија за директор,1 за педагог и психолог, една за секретар и една наставничка канцеларија, Училиштето располага со училишен објект-со површина од 950 м2 дворна поивршина од 450 $m^2$ Спортски терени 150 м2; озеленета уредена површина од околу 960 $m^2$ има ПТТврска, интернет мрежа покриена од Министерстото за образование и наука која во моментот не функцинира најдобро, има громобранска мрежа, 2 хидранта,18 пп апарати и 2 санитарни јазли.

Затоплувањето во зградите е со сопствено парно греење.

Во Централното и во сите Подрачни училишта, водата за пиење не е хигиенски и технички исправена.

Во состав на училиштето има 4 подрачни училишта и тоа: ПУ с.Чивлиk, ПУ с. Долно Коњаре, ПУ с. Горно Коњаре и ПУ.с.Сушица, и сите училишта се изградени од тврда градба.

1.ПУ. с.Чифлиk објектот е со површина од 92 м2, има игралиште со површина од 150 м2**.** озеленета уредена површина од околу 100 $m^{2.}$ Објектот има вкупно 2 училници**,** една наставничка канцеларија, една помошна просторија и тоалети и училишен двор од 8120 м2. ПУ с..Чифлиг, уредениот дворот зафаќа површина од 8081 $m^{2,}$ која истиот е заграден и делумно уреден..Во училиштето функционираат две конбинирани паралелки од прво до пето оделение. Наставата се изведува на македонски наставен јазик со вкупен број од 27 ученици во кој се ангажирани двајца наставници за изведување на редовната настава.

2.ПУ.с.Долно Коњари објектот е со површина од 225 м2, има игралиште со површина од 280 м2**.** Објектот има вкупно 3 училници**,** една наставничка канцеларија, една помошна просторија и тоалети и училишен двор со површина од 1257 м2, истиот е заграден и со уредена дворна површина. Во училиштето функционираат две конбинирани паралелки и една чиста паралелка прво оделение од оделенската настава..Наставата се

изведува на македонски наставен јазик со вкупен број 67 ученици во кој се ангажирани 4 наставници за изведување на редовната настава.

3.ПУ.с.Горно Коњаре објектот е со површина од 186 м2, има игралиште со површина од 450 м2**.** Објектот има вкупно една училница**,** една наставничка канцеларија, една помошна просторија и тоалети и училишен двор од 4612 м2. ПУ с.Горно Коњаре, дворот делумно е заграден и делумно е уредена дворната површина. Во ПУ с.Горно Коњаре е уредено детското игралиште (клацкалки.лулашки,вртелешка и др). Во училиштето функционираа една конбинирана паралелка од одделенската настава. Наставата се изведува на македонски наставен јазик со вкупен број 5 ученици во која е ангажирана една наставничка за изведување на редовната настава.

4.ПУ. с.Сушица објектот е со површина од 180 м2, има игралиште со површина од 300 м2**,** озеленета уредена површина од околу 200 $m^{2.}$ Објектот има вкупно 2 училници**,** една помошна просторија и тоалети и училишен двор од 2448 м2. ПУ с.Горно Коњаре, дворот делумно е заграден и делумно е уредена дворната површина. Во ПУ с.Горно Коњаре е уредено со детско игралиште (клацкалки лулашки, вртелешка и др). Во училиштето функционираа една конбинирана паралелка од оделенската настава...Наставата се изведува на македонски наставен јазик со вкупен број еден ученик во кој е ангажирана една наставничка за изведување на редовната настава.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и вонннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

Училиштето делумно има обучен кадар за работа со деца со посебни потреби

## 1.Наставни планови и програми

### 1.1. Реализацијата на наставните планови и програми

Во ООУ„Братство-Единство“ с.Средно Коњаре општина Петровец се применуваат наставни планови и програми кои се во согласност со донесените програмски документи од Министерство за образование и наука за деветогодишно основно образование.

Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем, но истата за наставата по физичко и здравствено образование за одделенска настава и природни науки за одделенска настава не се реализира согласно предвидениот норматив за наставен кадар за реализација на наставниот план и програма. Училиштето нема ангажирано соодветни наставници по физичко и здравствено образование кои заедно со одделенските наставници ќе изведуваат настава по физичко и здравствено образование во одделенска настава, а нема ангажирано ни соодветни наставници по природни науки кои ќе изведуваат настава по природни науки во одделенска настава, туку наставата по овие предмети ги изведуваат самите одделенски наставници. За наведената констатација, од страна на тимот просветни инспектори, е изготвен Записник бр.09-194 од 10.11.2023 година и Решение бр. 09-194 од 13.11.2023 година за отстранување на констатираните недостатоци и неправилности.

Содржините во поголемиот број наставни програми овозможуваат вклучување на елементи од меѓуетничка интеграција во образованието. Училиштето ги информира родители и учениците за целите на наставните планови и програми што се реализираат преку брошура и родителски средби, но овие информации не се пренесуваат на Советот на родители бидејќи Советот на родители во училиштето не е конституиран и не работи согласно предвидените законски норми.Во однос на работата на Советот на родители од страна на тимот просветни инспектори, е изготвен Записник бр.09-193 од 10.11.2023 година и Решение бр. 09-193 од 13.11.2023 година за отастранување на констатираните недостатоци и неправилности. Во училиштето има два ученика со посебни образовни потреби со наод и мислење од соодветни институции и осум ученици со потешкотии во учењето кои се идентификувани од педагошко-психолошката служба во училиштето.Училиштето има формирано инклузивен тим од седум члена бр.02-307/1 од 23.09.2022 год. со мандат од три учебни години. За учениците со посебни образовни потреби училиштето има изготвено инклузивен тим за ученик кој има изготвено соодветен индивидуален план за работа со ученикот соодветен на потребите на ученикот. Училишниот инклузивен тим има изготвена Програма за работа на ученици со посебни образовни потреби за учебна 2023/2024 година бр. 08-331/1 од 03.10.2023 год. и Програма на инлузивниот тим за откривање и грижа за учениците со потешкотии во учењето за учебна 2023/2024 година бр. 08-332/1 од 03.102023 година. За двајцата ученици кои работат по ИОП училиштето има ангажирано двајца образовни асистенти кои работат со нив. Наставниците кои предаваат во паралелките во кои има децата со посебни образовни потреби, работат по посебно изготвени програми за тие ученици. Дел од наставниците се обучени за работа со деца со посебни образовни потреби. Педагошко-психолошката служба има изготвено краткорочна програма за деца со посебни образовни потреби.Педагошко-психолошката служба ги идентификува учениците со потешкотии во учењето и им дава соодветна поддршка. Училиштето има воспоставено процедура за избор на наставни предмети. Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. Избор се врши преку понудени изборни предмети, со спроведување на анкети за ученици и родители. Во училиштето не се реализира проширена програма.

## 1.2. Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето на Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор не планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала. Училиштето писмено до надлежен орган не покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми. Училиштето писмено, по известувања од Совет на родители и Наставнички совет, не доставува мислење и не покренува иницијатива до Министерството за образование и наука и Бирото за развој за употреба на учебници, наставни средства и помагала, со цел подобрување на квалитетот на образованието. Мултикултурализмот е застапен во годишната програма на училиштето, во која е интегрирано мал број на вонаставни активности. Училиштето меѓу себе има мултиетнички активности како двојазично училиште, а со партнер училиштето ООУ„Гоце Делчев“-Илинден последните три учебни години има многу мал број на заеднички активности. Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни наставни предмети при што истиот добро е застапен во одделенска настава, а помалку застапен е по наставните предмети во предметна настава. Наставниците делумно ги прилагодуваат наставните програми и содржини и за потребите на локалната средина.

## 1.3. Вонаставни активности

Училиштето планира и делумно реализира вонаставни активности кои произлегуваат од потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој, без оглед на нивниот поли социјалното потекло. Вонаставните активности се планирани во Годишната програма на училиштето. Планираните вонаставни активности, училиштето делумно ги реализира.Има формирано Училишен тим за меѓуетничка интеграција со Одлука бр.02-139/1 од 17.05.2022 год. Партнер-училиште за спроведување на активности за меѓуетничка интеграција е ООУ„Вера Јоциќ” општина Гази Баба, каде наставата се реализира на македонски наставен јазик. Со него соработуваат од 2013 година. Многу мал број на ученици се вклучени во вонаставните активности. Групите најчесто се хетерогени. Учениците не учествуваат со свои предлог-содржини и активности во подготвување на програмите за работа на вонаставните активности. Во училиштето последните три години не е работено на ниту еден проект со кој ќе се овозможи подигнување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Училиштето не организира и не реализира прослави и приредби за одбележување на денот на училиштето, а не реализира ниту други културни манифестации по повод одбележување на празници и јубилеи. Училиштето планира, но не реализира ученички екскурзии како една од формите на вонаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. Училиштето овие три учебни години нема реализирано ниту една ученичка екскурзија. Нема спроведно ниту една еднодневна екскурзија , освен што од подрачните училишта со учениците од одделенска настава се спроведени неколку кратки прошетки во околината. Учениците , во помал број, учествуваат на натпревари од општински , регионален и државен карактер. Најголемо учество на натпревари имаат училишната футсал-фудбалска екипа и училишната одбојкарска екипа. Учениците имаат освоено награди на натпревари по англиски јазик, хорско пеење, ликовен натпревар, фудбал и одбојка.

Училиштето има формирано училишен спортски клуб регистриран во Агенција за млади и спорт со Решение бр. 08-1910/3 од 01.12.2016 год.и регистриран во Централниот Регистер со Дан.бр.4069016501799 и ЕНБС:7159307 од 18.10. 2016 година **.**

## 2. Постигања на учениците

### 2.1 Постигања на учениците

ООУ„ Братство- Единство„ с.С.Коњаре располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети, одделенија, паралелки и за сите класификациони периоди на ниво на училиште. Секој одделенски раководител изготвува преглед по тримесечје на успехот во одделението, каде и се идентификуваат ученици со потешкотии во учењето или талентирани ученици. Постигањата на учениците редовно се следат, анализираат на наставнички и одделенски совети и се преземаат активности за нивно подобрување. Според изготвените извештаи и прегледи за период од последните три учебни години на ниво на училиште општиот успех на постигањата на учениците во изминатите три учебни години е следниот: за учебна 2020/2021 год. средниот успех е 3,98; за учебната 2021/2022 год. средниот успех е 4,01 и за учебна 2022/23 год. средниот успех на учениците е 3,98. Училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигнувањата на учениците во соработка со родителите преку советување на родителите од страна на стручната служба. Напредокот и постигнувањата на ученици , редовно , се следат преку одржаните одделенски и наставнички совети. Редовноста на учениците , континуирано се следи и евидентира од страна на одделенските и предметните наставници и педагошко-психолошката служба. За учениците кои неоправдано отсуствуваат од наставата се применуваат, односно се изрекуваат соодветни педагошки мерки. Училиштето има Правилник за избор на првенец на генерација, наградени ученици, пофалени ученици и пофалено одделение бр. 01-171/1 03.06.2022 година. критериум за избор на ученик на генерација. Поголем дел од наставниците, во текот на редовната настава, на учениците кои имаат тешкотии во учењето им обезбедуваат поддршка, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Наставниците во соработка со педагошко-психолошката служба предлагаат мерки за подобрување на успехот на учениците. Дополнителната и додатната настава во училиштето делумно се реализира.

### 2.2 Задржување и осипување на ученици

Училиштето располага со податоци за опфатот на учениците и презема мерки за опфат на сите ученици од својот реон. При тоа, училиштето соработува со релевантни институции (МВР, Општина, амбуланта). Редовноста на учениците е на добро ниво. Вкупниот број на изостаноци во последните три учебни години е : во 2020/2021 година вкупен број на изостаноци е 2764 од кои 1904 оправдани и 105 неоправдани изостаноци; во 2021/2022 година вкупен број на изостаноци е 2213 од кои 2092 оправдани и 121 неоправдани изостаноци и во 2022/2023 година вкупен број на изостаноци е 2009 од кои 1904 оправдани и 105 неоправдани изостаноци. Според податоците, вкупен број на изостаноци по ученик изнесува: за учебната 2020/2021 година е 9 изостанока по ученик, за учебната 2021/2022 година е 6,7 изостанока по ученик и за учебната 2022/2023 година е 6,02 изостанока по ученик. Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитнообразовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

### 2.3. Повторување на ученици

Во изминатите три учебни години нема ученици кои ја повториле учебната година. Училиштето располага со податоци за осипувањето на учениците и се води евиденција на испишани ученици, кое е најчесто заради преселување во друга држава.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето има договорени приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето.Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието делумно обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од образованието за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост.Инклузивниот тим на училиштето обезбедува поддршка за изработка на ИОП за учениците со посебни образовни потреби.

Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања во согласност со наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето.

Пред почетокот на наставната година, најголем дел од наставниците, во печатена и електронска форма ги доставуваат изготвените годишни и тематски планирања кај педагошко-психолошката служба на училиштето. Поголем дел од наставниците имаат изготвени годишни и тематски планирања и дневни подготовки за наставниот час. Целите на наставата и начинот на оценување се делумно јасни. Поголемиот дел од наставниот кадар не ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Размена на искуства и информации при планирањето се врши во рамки на стручните активи во училиштето. Во училиштето постојат три стручни активи со кои се опфатени сите одделенски и предметни наставници.

Наставата во централното училиште се изведува во две смени и тоа во прва смена предметна настава и една паралелка одделенска настава, а во втора смена предметна настава. Во централното училиште смените се константни и не се менуваат. Во Долно Коњари се работи во две смени кои по потреба се менуваат, а во останатите три подрачни училишта се работи само во прва смена. Наставата се изведува на македонски и албански наставен јазик, а учениците од Босанска заедница кои следат настава на македонски наставен јазик како изборен предмет имаат босански јазик. Распоредот на часови го изготвува наставникот по информатика со максимално искористување на расположливите капацитети на училиштето.

### 3.2. Наставен процес

Кај помал број на наставници планирањата ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот, цели на часот, активности, форми, методи, наставни средства, проверка на постигањата, констатација и евалуација на реализираниот час.

При планирањето наставниците ја имаат неопходната поддршка од училишниот педагог и психолог во однос на организацијата и реализацијата на наставниот час. Планирањата на наставниците, директорот и педагогот на училиштето ги следат преку посета на часови во текот на учебната година и преку непосредни увиди на првото и второто полугодие од учебната година. Најмалку два пати во годината се врши посета на часови на наставниците од страна на педагогот и директорот на училиштето. .

Во училиштето постојат многу мал број на расположиви ресурси и нагледни средства кои наставниците можат да ги користат во наставата. При реализација на наставниот план и програма, наставниците делумно користат информатичко-комуникациска технологија. Во училиштето нема смарт-табли, телевизори или други

интерактивни табли. Реализацијата на Наставните планови и програми се изведува со потешкотии, а посебно во одделенската настава која работи согласно Концепцијата за основно образование. Сите наставници имаат училишен лаптоп кој го користат за подготвување на наставата, но учениците немаат лаптопи ниту пак компјутери. За дел од учениците има таблети кои за реализција на настава поретко се користат.

Изведувањето на наставата по информатика не ги задоволува основните норми за реализација. Училиштето нема кабинет по информатика, па наставата по информатика се изведува во училниците без користење на компјутери или лаптопи само преку презентации на наставникот од неговиот службен лаптоп. Дел од наставниците во своите оперативни планови за час имаат предвидено користење на разновидни форми, методи но не и современи техники на учење. Најголем дел од наставниците, во недостиг на материјални средства и помагала користат традиционални методи и форми за работа.

Наставата се изведува согласно Кембриџ-програмата и новата Концепција за основно образование. Во тековната учебна 2023/2024 година учениците од седмо до деветто одделение следат настава според Наставните планови и програми изготвени согласно Кембриџ-програмата, а учениците од прво до шесто одделение следат настава според Наставните планови и програми изготвени согласно Концепцијата за основно образование.

Во својот однос и комуникацијата со учениците поголем дел од наставниците промовираат заемно почитување, помош, соработка и разбирање. Наставниот кадар, педагошко-психолошката служба и директорот на училиштето не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол и социјалното потекло. Дициплината кај најголемиот дел од учениците е добра. За време на часовите постои добра работна атмосфера. Учениците се однесуваат со почитување меѓусебе и со почитување кон возрасните.

Интеракцијата наставник-ученик и ученик-ученик во наставата задоволува. Постои поголем степен на интеракција во одделенска настава. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Просториите каде што се изведува одделенската настава во подрачните училишта, добро се уредени со катчиња по наставни предмети, а во централното училиште делумно се уредени. Просториите каде се изведува предметна настава, во споредба со одделенската не се доволно уредени со содржини кои одговараат на наставниот предмет. Во училниците каде се изведува предметната настава има мал број на истакнати ученички трудови. Училниците во кои учат учениците се доволни за бројот на учениците во нив. Според изјаснувањето на поголем дел од учениците само по некои предмети се учи на интересен начин и содржините што им се пренесуваат не секогаш ги оспособуваат за решавање на проблеми во реалниот живот и за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. За време на часот поголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да завземат сопствен став, да поставуват прашања и изведуваат заклучоци за она што го учат и поголемиот дел од учениците учествуваат во активностите за време на часот. Учениците сметаат дека делумно имаат можност да го искажуваат своето мислење, но не секогаш нивното мислење се зема во предвид. Сепак е воспоставена добра интеракција со учениците која е во насока на промовирање на учењето и градење доверба меѓу наставниците и учениците.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Стручните соработници со помош на предметните наставници и класните раководители ги идентификуваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на учениците, при што се превземаат активности за исполнување на потребите или отстранување на пречките.
Мал број наставници во соработка со стручните соработници и инклузивниот тим користат различни интерактивни техники на поучување. Во училиштето има училишен инклузивен тим, кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и повеќе инклузивни тимови за ученици коишто работат по индивидуален образовен план давајќи целосна поддршка и помош, како на наставниците, така и на учениците, за што поуспешно совладување на наставниот мтеријал прилагоден кон посебните образовни потреби на ученикот. Поголем број од одделенските наставници ги почитуваат различните потреби на учениците во наставата.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Поголем дел од наставниците применуваат критериуми и стандарди за оценување, но со нив не се запознаени родителите и учениците. Наставниците при оценувањето на напредокот на учениците користат формативно и сумативно оценување. Формативното и сумативното оценување кај мал број на наставници е јавно и транспарентно за учениците. Од разговорот со дел од учениците, се заклучи дека учениците многу малку се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.).

Поголем број на наставници им даваат редовна повратна информација на учениците за нивната работа. Учениците најчесто добиваат повратни информации од наставниците за својата работа, напредок и постигања. Добиените информации од оценувањето на напредокот на учениците, наставниците делумно ги користат за соодветно да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето ги известува родителите за напредокот на нивните деца преку електронскиот дневник и преку реализирање на родителски и индивидуални средби. Училиштето редовно собира информации и ги следи постигањата на учениците.
Постои систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца, преку организирање на формални и неформални средби, делење на евидентни листови на секое тримесечје и свидетелства на крајот од годината. Мал дел од родителите, исклучиво на послабите ученици, нередовно доаѓаат во училиштето и не покажуваат доволен интерес за тоа што се случува во училиштето, така што наставниците немаат повратна информација, што родителите мислат за постигањето на нивните деца. Наставниците дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата, им даваат повратна информација, но не сите ученици кои имаат потреба се вклучени во додатна или дополнителна настава.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупна грижа за учениците

Училишните објекти (централното и подрачните училишта) се тврда градба.Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има посебен пишан акт со мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор.Кодексот за однесување на учениците има одредби поврзани со безбедноста на учениците. Инфраструктурата во училишните згради е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците без потенцијално опасни места, инфраструктурата во подрачните училишта е реконструирана во 2023 година. Во училиштето сите вработени учествувале на работилница за заштита и самозаштита во случај на катастрофи.Во училиштето има вработени лица кои се обучени за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето. Училиштето нема посебна просторија за укажување на прва помош, но има пакет за укажување на прва помош сместен во наставничката канцеларија. Училиштето има план за евакуација но во текот на последната учебна година не е изведена симулации за постапување при елементарни непогоди.Училиштето нема пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство, со особен акцент на облиците на сексуално вознемирување на учениците. Училиштето секоја година донесува годишната програма и акционен план за превенција од насилство со месечни активности и истите доследно се реализираат. Во Кодексите за однесување на вработените и учениците нема одредби и дефинирани процедури за санкционирање на насилството од страна на возрасните и учениците. Вработените се свесни за својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите на децата им приоѓаат со внимание, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство.Училиштето се забранува пушењето, консумирањето алкохол и дистрибуцијата и консумирањето на наркотични супстанции во училишните објекти. Во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор), при што не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции.Училиштето нема пишани процедури за регистрирање на појавата на ваквите состојби и постапување по нив. Училиштето нема физичко обезбедување, се одржува редовно дежурство од ученици и наставници на влезот и ходниците на училиштето. Училиштето нема пропишана процедура за снабдување на учениците со храна, нема склучено договори за доставување на храна и нема контрола на храната од околните продавници во кои учениците се снабдуваат со храна. Училиштето преку годишната програма на училишниот тим за инклузија (УТИ) планира и реализира активности за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост.Во посдрачното училиштр во с.Долно Коњари има два ученика со посебни образовни потреби со кои се работи по ИОП и со образовни асистенти. Училиштето ги поттикнува учениците во давањето помош и водењето грижа за учениците со пречки во развојот.Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Просторот во ходниците и во училниците на приземјето и во подрумот овозможува нивно движење. Инвентарот во училниците е соодветен на потребите на учениците, но не постои приспособен тоалет за ученици со физичка попреченост ниту лифт за истите. Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците од социјално загрозените семејства кои не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства. Но, училиштето соработува со релевантни институции Црвен крст и УНИЦЕФ, Центар за Социјални работи и др.

### 4.2 Здравје

Подовите во училниците, ходниците, скалите и санитариите, редовно се чистат, но учениците и родителите искажаа ставови за поголема грижа за хигиена во училиштето со акцент на санитариите, иако ги задоволуваат законските прописи. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат најмалку двапати во денот, подот и клупите се чистат пред почетокот на секоја смена, другиот училиштен простор еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар еднаш во полугодие. Дворот на училиштето е уреден и чист од секаков вид отпадоци. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Училиштето има програма за превенција од заразни болести и постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Во училиштето се вршат редовни систематски прегледи за ученици и санитарни прегледи на вработени. Во почетокот на оваа 2023/24 учебна година извршена е дезинфекција, дератизација и дезинсекција, како и санитарни прегледи на вработените. Училиштето нема пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со здравствените установи. Во сработка со Центарот за јавно здравје еднаш годишно се спроведува ДДД заштита во училиштето.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование. За таа цел комисијата за професионала ориентација на учениците во училиштето планира и реализира годишна програма која опфаќа: анкетирања и анализи, запознавање на учениците и родителите со резултатите, презентации на средните училишта и присуство на деветтоодделенците на саемот на средни училишта. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование по завршувањето на основното образование опфаќа: самооценување на интересите интересите на учениците, информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето преку пишани и усни соопштенија од страна на стручната служба во училиштето. Има постојана соработка со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и редовно спроведува тестирања за професионална ориентација на учениците и им помага во професионалното насочување.Училиштето ги вклучува и децата со посебни образовни потреби при професионалната ориентација. Училиштето има Годишна програма за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми (семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството и сл.).Стручната служба во училиштето соработува со здравствените установи и Центарот за социјална работа. Советодавната помош за понатамошно образование на учениците е добра.

### 4.4 Следење на напредокот

Најголем број од наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, но не и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Во евиденцијата не се акцентирани добрите страни на учениците и нивните развојни потенцијали.Имаат податоци за напредокот на учениците добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручната служба и родителите на учениците. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

Наставниците подготвуваат редовни квартални извештаи за својата паралелка врз

основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи според паралелки им се доставуваат на увид на стручната служба и на раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, родители и за самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитнообразовниот процес.

## 5.Училишна клима

### 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето се препознава како добро училиште по квалитетот на работата и постигањата на учениците во различни области како и остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Во училиштето се образуваат ученици од македонската, албанската и босанската етничка заедница.

Училиштето се препознава по постигање на учениците во текот на образованието во училиштето.

Раководниот орган, стручната служба и наставниот кадар уживаат респект кај родителите и учениците.

Училиштето има кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури: раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите. Во изготвувањето на кодексите учествувале сите засегнати страни. Кодекс на однесување и Куќниот ред се истакнати транспаретно во ходниците и холот на училиштето. Донесените кодекси од страна на вработените, учениците и родителите се применуваат целосно и сите вработени, ученици и родители се придржуваат кон куќниот ред на училиштето.

Во училиштето климата е добра. Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во секојдневниот училишен живот. Односите меѓу сите во училиштето се на задоводително ниво за нормално одвивање на воспитно образовниот процес. Сите ученици се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.

Дициплината на учениците е добра и нема нарушување на образовниот процес. Поведението на учениците е добра. Вработените внимателно, но и авторитетно се справуваат со проблемите кои се однесуваат на дисциплината и нередовноста. Во стручната служба, кај стручниот соработник-педагог, постои соодветна евиденција за изречените педагошки мерки на учениците кои се малку на број.

Учениците се навремено и добро информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето проблеми и донесување одлуки во врска со тие работи.

Училишната заедница е активна и има свои претставници и членови од сите одделенија.Учениците подеднакво се вклучени во проекти, организираат заедно со одговорните ескурзии и прослава на полуматурската вечер.

Училиштето ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците во решавањето на новонастанати проблеми.

### 5.2. Промовирање на постигањата

Училиштето повремено ги промовира постигањата на учениците, најчесто на патрониот празник како и на WEB интернет страницата.Во минатата учебна 2022/23 година се доделени награди на ученици кои постигнале посебен успех.

За промовирање на постигањата и ученик на генерација има пропишан интерен правилник. Најголем број од наставниот кадар го користи пофалувањето како начин на мотивирање и промовирање на постигањата на учениците.

Училиштето доволно се залага за учество на ученици на државни натпревари.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и можат да ги препознаат случаите на нивно нарушување во практиката. Училиштето ги запознава учениците со нивните права, иако не секогаш им овозможува да ги практикуваат.

Вработени во училиштето генерално ги знаат и ги почитуваат правата на децата и најголем број правично и со почит се однесуваат кон учениците независно од полот, социјалното потекло и способностите.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република СевернаМакедонија, без оглед на етничката или верската припадност.

Училиштето планира и реализира многубројни заеднички наставни и вонннаставни активности со мешани групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште.

### 5.4.Партнерски однос со родителите, со локалната заедница и со локалните работодавци

Соработката на училиштето со родителите делумно задоволува. Таа се базира врз размена на информации, консултации и партнерски однос. Родителите се информираат и за успехот и поведението на учениците и тоа со директни контакти со наставниците, стручната служба и на родителските средби.

Училиштето презема активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрување на воспитно-образовната работа. Родителите се повикани активно да се вклучат во наставниот процес преку учество во планирањата и реализиањата на разни вонннаставни активности (патронен празник, хуманитрни акции и слично) но мал број родители ги користат можностите кои им ги нуди училиштето.

Дел од родителите самоволно се вклучени во акција за подобрување на материјалните услови во училиштето.

Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и групни родителско-наставнички средби.

Учениците, членови на училишната заедница, не се запознаваат со работата на наставничкиот совет, совети на паралелки и Училишниот одбор.

Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата и идните активности се достапни во доволен обем на сите родители и ученици. Исто така, и нивото на постигањата на учениците е достапно за сите родители и во секое време.

Училиштето е вклучено во животот на локалната заедница преку соработка со институциите од локалната заедница, преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата како што се одбележување на празници, јубилеи и сл. Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето директно и индиректно.

Локалната самоуправа ги препознава како приоритет потребите на училиштето како во поглед на инфрастуктурата така и во поглед на осипувањето на учениците од општината во други училишта во други општини.

Училиштето има соработка со граѓанскиот сектор како и со МВР на РСМ, средни училишта, Црвен крст и др.

## 6.Ресурси

### 6.1.Сместување и просторни капацитети

Просторните капацитети на ООУ„Братство Единство“-с.Коњари, се состои од: Централно училиште:тип тврда градба со вкупна површина од 740 м2, дворна поивршина од 3888 $m^{2,}$ располага со 9 училници 1 кабинет по физика-хемија, една фискултурна сала, Училиштето располага со спортска сала, има подвижна библиотека од Библотека ,,Браќа Миладиновци”-Скопје со вкупен фонд 1000 книги, има 4 административни простории (директор, педагог и психолог, секретар, и наставничка канцеларија.Училиштето има 2 санитарни јазли, птт врска, интернет мрежа, громобранска мрежа (приложен документ), 2 хидрант, 18 пп апарати (сервисирани на 07.12.2022 год**.).** Училишниот двор е со површина од 3888м2, спортски терени има 1 со површина од 150м2, озеленета површина има 360м2.

Во Централното и во сите Подрачни училишта, водата за пиење не е хигиенски и технички исправна.

Затоплувањето во зградите е со сопствено во централното училиште- парно греење, а во подрачните со пелити и инвертер клими.

Во состав на училиштето има 4 подрачни училишта и тоа: ПУ с.Чифлик, ПУ с. Долно Коњаре, ПУ с. Горно Коњаре и ПУ.с.Сушица, и сите училишта се изградени од тврда градба.

1.ПУ. с.Чифлик објектот е со површина од 92 м2, има игралиште со површина од 150 м2**.** озеленета уредена површина од околу 100 $m^{2.}$ Објектот има вкупно 2 училници**,** една наставничка канцеларија, една помошна просторија и тоалети и училишен двор од 8120 м2. ПУ с..Чифлик, уредениот дворот зафаќа површина од 8081 $m^{2,}$ која истиот е заграден и делумно уреден..Во училиштето функционираат две конбинирани паралелки од прво до петo оделение. Наставата се изведува на македонски наставен јазик со вкупен број од 27 ученици во кој се ангажирани двајца наставници за изведување на редовната настава.

2.ПУ.с.Долно Коњари објектот е со површина од 225 м2, има игралиште со површина од 280 м2**.** Објектот има вкупно 3 училници**,** една наставничка канцеларија, една помошна просторија и тоалети и училишен двор со површина од 1257 м2, истиот е заграден и со уредена дворна површина. Во училиштето функционираат две конбинирани паралелки и една чиста паралелка прво оделение од оделенската настава..Наставата се изведува на македонски наставен јазик со вкупен број 67 ученици во кој се ангажирани 4 наставници за изведување на редовната настава.

3.ПУ.с.Горно Коњаре објектот е со површина од 186 м2, има игралиште со површина од 450 м2**.** Објектот има вкупно една училница**,** една наставничка канцеларија, една помошна просторија и тоалети и училишен двор од 4612 м2. ПУ с.Горно Коњаре, дворот делумно е заграден и делумно е уредена дворната површина. Во ПУ с.Горно Коњаре е уредено детското игралиште (клацкалки.лулашки,вртелешка и др). Во училиштето функционираа една конбинирана паралелка од оделенската настава. Наставата се изведува на македонски наставен јазик со вкупен број 5 ученици во која е ангажирана една наставничка за изведување на редовната настава.

4.ПУ. с.Сушица објектот е со површина од 180 м2, има игралиште со површина од 300 м2**,** озеленета уредена површина од околу 200 $m^{2.}$ Објектот има вкупно 2 училници**,** една помошна просторија и тоалети и училишен двор од 2448 м2. ПУ с.Сушица дворот делумно е заграден и делумно е уредена дворната површина. Во ПУ с.Сушица е уредено со детско игралиште (клацкалки лулашки, вртелешка и др). Во училиштето функционираа една конбинирана паралелка од оделенската настава...Наставата се изведува на македонски наставен јазик со вкупен број еден ученик во кој е ангажирана една наставничка за изведување на редовната настава.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и вонnаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

Во централното и во подрачните училиштета недостасува училишна спортска сала за наставата по физичко и здравствено образование, како и водата за пиење не е хигиенски ниту технички исправена.

### 6.2 Наставни средства и материјали

Училштето ги утврдува потребите за наставни средства, материјали и помагала преку консултација со стручните активи.Училиштето ги обновува наставните средства, но дел од нив се застарени.Снабденоста на училиштето со наставни средства е делумно добра. Од наставни средства и помагала училиштето располага со:4 лцд проектори, 3 принтери, фотокопир, 5 компјутери, спортски реквизити и др. Потребна опрема и реквизити како топки, рекети, и слично,училиштето е многу со реквизити и спортска опрема.Наставниците имаат пристап до наставните средства, но поради големиот број наставници и ученици во училиштето бројот на наставните средства и помагала треба да се зголеми.Училиштите нема кабинети за изведување на кабинетска настава.

Набавката на потрошен материјал се врши со тешкотии, средствата за набавка се определени со финансов план и набавките на потрошен материјал се вршат конитинуирано(еднаш на два месеци).

### 6.3.Обезбедување на потребен кадар

Во училиштето има вкупно 38 вработен наставен кадар.Во раководниот тим покрај директорот има стручни соработници педагог и психолог и социолог .

Наставен кадар има вкупно 38 наставници од кои 9 мажи и 29 жени. Триесет и еден наставника се на непределено време, 7 се на определено време и 1 наставник-приправник за кои директорот има назначено ментор. По вид на образование 35 наставници се со високо образование, 2 наставници со вишо образование.Еден наставник е со несоодветно образование по предметот-хемија и биологија за училиштето поднело Барање бр.04-235/9 од 17.08.2023 година до АВРСМ и добило Одговор на барањето дека нерасполага со бараниот профил на занимање на наставник по биологија-хемија а албански наставен јазик.

Наставен кадар со работен стаж до 10 години има 16, од 11 до 20 години има 15 наставника, со стаж од 21 до 30 има 6 наставници и над 31 година стаж има 1 наставник.По етничка припадност 17 наставници се Македонци, 13 се Албанци и 8 Бошњаци.Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена. Не е констатирана родова или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар.Во училиштето нема наставници кои се со специјализирано училиште за деца со посебни потреби.

Во училиштето нема наставник со звање наставник ментор. Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи.

Училиштето има стручна служба која им помага на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите и давање на соодветна помош на учениците.

### 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадарот

Стручната служба и директорот врши посета на часови но недоволно често. Училиштето, стручната служба(психологот,педагогот и социологот) има изготвено програма за професионален развој на наставниот кадар, и дава подршка на наставниот кадар и ја анализира нивната работа.Наставниците не се доволно вклучени во семинари и обуки кои се организирани од БРО, но има потреба од нивна поголема вклученост и редовност на истите. Училиштето ја следи работата на наставниците приправници преку одредување на ментор.Менторот има програма за менторство.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финасиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Училиштето секоја година донесува финансов план.

Професионален развој / стручно усовршување на кадар е добро, бидејќи Училиштето ги идентификува потребите за стручно со договорни постапки.

Училиштето врши добро планирање на материјално – технички средства, но планирањето и обезбедувањето се недоволно систематски. Утврдувањето на потребите за наставни средства и утврдување на приоритети се врши со договорни постапки најчесто на почетокот на учебна година. Не се спроведуват анкети, интервјуа со наставници, со јасни докази за искажани и утврдените потреби и приоритети.

План за јавни набавки и поднесува Извештај за финансиското работење пред Училишниот одбор и пред Совет на општината преку годишните сметки.

Одлуката за целокупното финансиско работење донесува Училишниот одбор.Училиштето редовно добива финансиски средства од буџетот на Р.С..Македонија, известува за приходите и наменски ги троши средствата. Планирањето и трошењето на средствата во училиштето е транспарентно.Училиштето не обезбедува и дополнителни средства со давање под закуп (деловен простор, опрема) и слично.

Училиштето ги информира органите и телата за училишниот буџет и трошење преку презентација на кварталните, полугодишните и годишните извештаи на состаноците на телата и органите во училиштето. Училиштето го покрива делот за материјални трошоци, комунални услуги преку буџетската сметка. За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокосирани на квалитетот на наставата.

Книговодството на училиштето го води книговодител, кој го води книговодството на училиштето.

## 7. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

### 7.1. Управување/ раководење со училиштето

Орган на управување на училиштето е Училишниот одбор. Училишен одбор е формиран со изборна постапка согласно Законот за основно образование. Овој орган брои 7. Од кои 6 члена се машки и 1 член од женски пол.

Претседател на Училишен одбор е Емини Рабит, од редот на родители. Етнички состав на Училишниот одбор се: 4 члена од албанска националност, 1 член од македонска националност и 2 члена од босанска националност

Училишен одбор е конституиран на 15.04.2021 година со полн состав. Овој орган има свој Деловник за работа, кој е заведен под бр.02-205/1 од 15.07.2022 година.

Седниците на Училишниот Одбор ги закажување претседателот во соработка со директорот. Дневен ред се подготвува во кординација на претседателот и директорот, а поканувањето се врши во најголем број по писмен пат, а само во исклучоци по телефон. За седницата покрај поканата и дневен ред се доставуват и подготвени расположиви материјали доколку се во помал обем.

Седеници се одржуват редовно. Присутноста е добра, редовно со мнозинство присутни членови, нема одложување на седници поради недостаток на кворум. На дневен ред на седниците се поставувани прашања во согласност со надлежности на Училушен одбор предвидено со Законот за основно образование и Статутот на училиштето Во работата на уќилишниот одбор не се вклучени претставници од ученичкиот парламент.

Одлуките на Училишниот Одбор се носат најчесто едногласно или со мнозинство на гласови.

За одлуките на Училишниот одбор се информираат вработените, делумно родителите и основачот преку своите преставници, најчесто неформално со разговорот а не на официјален начин.

Записници од седниците на овој орган се изготвуват како посебни документи, истите се потпишани од претседателот и записничар. Записникот , одлуките и други акти се изготвуват како посебни акти и се заведуват деловодна книга.

Нема нереализирани одлуки. Донесените одлуки на Училишниот Одбор се спроведуват во целина без исклучок.

Директор на училиштето е Сали Бузаку професор по Албански јазик и книжевност Уверение бр.09-7526 издадена од 01.12.2006 година од Филолошкиот Факултет „Блаже Коневски“ на Универзитетот св.Кирил и Методиј“, со положен испит за директор со стекнат сертификат. Директорот е именуван со Решение од страна на Градоначалникот на општина Петровец бр.08-231/1 од 01.02.2021 година.

За својата работата, директорот има изготвено програмата за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година.

Директорот има добра соработка со вработените и со другите органи во училиштето, има добар однос и подршка од локалната заедница, има професионален однос со учениците, родителите, вработените и институциите. Во најголема мера ефективно комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Во раководењето, директорот применува тимска работа, преку вклучување на вработените во процесите на планирањето и реализацијата на активностите.

Во училиштето добро функционират Наставнички совет, Совет на паралелките и стручните активи. Секој од овие органи има своја годишна програма. Органите се бавата со надлежностите кои се утврдени со статутот на училиштето за секој орган. Овие стручни органи и тела редовно одржуваат состаноци. Присутноста е добра а одлуките ги донесуваат со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.

Во училиштето добро не функционира Совет на родители. Совет на родителите не е формиран според постоечката законска легислатива за што е направено решение со опомена за отстранување на недостатоците. Овој орган треба да го сочинуват по еден преставник од секоја паралелка. Совет на родители има свој Деловник за работа кој е заведен под бр.02-280/1 од 27.09.2010 година. Според искажувања на родителите овој орган не секогаш работи со обезбедено поголемо мнозинство за кворум , во работата се

почитува стариот деловник. Овој орган не ја следи воспитно- образовната работа на училиштето, не дава предлози и мислења за унапредување на воспитно образовниот процес, не зема активно учество во надминување на проблемите кои се јавуваат во развојот и воспитувањето на учениците.

### 7.2 Цели и креирање на училишна политика

Целите се јасни, соодветни, и добро поставени , истите се во согласност со државната и локалната образовна политика, и во поголема мера им се дава соодветен приоритет. Во креирањето на целите во поголема мера учествуват вработените а помалку родителите и учениците.

Во креирањето на училишна политика и ажурирањето на стратегиите земат учество поголем дел од вработените, како членови во рамките на органите на училиштето и вклучување во работни групи, а се зема мислење на дел од родителите и учениците. Поголем дел од стратешките цели на училиштето дадни во програмските документи, се добро формулирани, остварувањето во овој период се остварува со утврдената динамика.

### 7.3 Развојно планирање

Училиштето, потребите за развој ги има правилно идентификувано во документот за Самоевалуација за работатата на училиштето која е донесена со Одлука на Училишен одбор бр. 02-237/3 оd 18.08.2023 година. Во креирањето на образовната политика се вклучени поголем дел од наставници, а помал дел од родители и ученици.

Во Развојниот план кој е донесен од Училишен одбор бр.02-201/2 од 15.06.2021 година за период 2021/2022 до 2024/2025 година целите се добро определени бидејќи се во најголема мера прецизни, и во најголема мера ја отсликуват мисијата на училиштето, а при нивно поставување се вклучени дел од наставниците, родителите и учениците.

Одредени стратешки цели се вградени во годишната програма на училиштето и за нив во училиштето има акциски планови. Наставниците се информираат за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати, а учениците и родителите само делумно.

Професионален развој /стручно усовршување на кадар е добро, бидејќи Училиштето ги идентификува потребите за стручно со договорни постапки.

Училиштето врши добро планирање на материјално – технички средства, но планирањето и обезбедувањето се недоволно систематски. Утврдувањето на потребите за наставни средства и утврдување на приоритети се врши со договорни постапки најчесто на почетокот на учебна година. Не се спроведуват анкети, интервјуа со наставници, со јасни докази за искажани и утврдените потреби и приоритети.

Стратешкото планирање за инфраструктурата, е добро. Училиштето има план и соодветно обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето. Постои добра соработка со локалната самоуправа, МОН и донатори , кои во целост го подржуват училиштето за подобрување на инфраструктурата.

## 8.Наоди и препораки

### 8.1.Силни страни

- Еднаков пристап спрема учениците од различна етничка, полова и социјална припадност;
- Во училиштето се негува соживотот и мултикултурализмот;
- Училиштето има утврден систем и протокол за следење на работата на наставниците;
- Севкупна грижа за здравјето на учениците;
- Хигиената во училиштето постојано добро се одржува;
- Перманетно градење на позитивна училишна клима со добри односи кај наставниците,родителите и учениците;
- Добра превенција од насилството со организирани дежурства од наставници, ученици и други вработени;

### 8.2. Слаби страни

- Училиштето делумно располага со определен број на наставни нагледни средства и помагала и нема воспоставени процедури за утврдување на наставни нагледни средства и утврдување на приоритетите;
- Во училиштата нема вработен дефектолог за потребите на учениците и наставниците во училиштето;
- Недоволно употреба на ИКТ и техники и методи во наставата;
- Немање на училишна библиотека
- Советот на родители не функционира во рамки на своите надлежности
- Училиштето не доволно учествува во училишни натпревари на ниво на општината и пошироко;
- Во Централното и во сите Подрачни училишта, водата за пиење не е хигиенски и технички исправена.
- Нема изведена симулации за постапување при елементарни непогоди во последната учебна година.
- Недоволна посета на часови од страна на директорот и стручната служба.
- Оценувањето не е јавно и транспарентно кај голем број од наставниците.

### 8.3 Препораки

- Училиштето да обезбеди и набави нагледни наставни средства и помагала, каки и да воспостави процедури за користење на истите.
- Училиштето да поднесе барање до надлежните за добивање согласност за вработување на училишен дефектолог;
- Да се применуваат нови наставни методи и техники и ИКТ во наставата од наставниците;
- Да се изготви интерен Правилник за пофалби и награди на учениците со утврдени критериуми за избор на ученик и паралелка на генерациа;
- Учелиштето да се ангажира за учениците да учествуваат на натпревари на општинско, регионално и државно ниво како и организирање на ученички екскурзии и излети.
- Во Централното и во сите Подрачни училишта, да се обезбедува вода за пиење за учениците и вработените во училиштето.
- Советот на родители да се формира и функционира во склад со постоечката законска регутатива.
- Да се обезбедат доволен број на книги за формирање на училишна билиотека.

| | |
|---|---|
| Љубиша Николиќ, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Сања Јакимовска - член на инспекцискиот тим | |
| Александар Панев- член на инспекцискиот тим | |